**From:** contact <contact@avmu.mk>
**Sent:** Monday, November 4, 2024 4:24 PM
**To:** zaposta@avmu.mk
**Subject:** [Fwd: Барање за остранување на емисија која нарушува приватност и детски права]
**Attachments:** ПРЕПОРАКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ.pdf

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 05.11.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| УПП 03 | 23 | | |

Automatically forwarded by: contact@avmu.mk
------------- original message --------------
Subject: Барање за остранување на емисија која нарушува приватност и детски права

Date: Mon, 4 Nov 2024 16:25:51 +0100
To
Cc

Почитувани,

Се обраќаме од Детската амбасада МЕЃАШИ загрижени од емитуваната содржина во емисијата „Јади Бурек" која сè уште е достапна за јавноста и истата можете да ја погледнете на следниот линк: https://www.youtube.com/live/heDi2p_6hTw?si=iYH6t7ko3ugbKNI1

Имено, причините за загриженост доаѓаат поради нарушувања на повеќе права на детето:

1. Прекршување на правото на приватност: според Конвенцијата за правата на детето, Законот за заштита на личните податоци и Законот за заштита на децата, објавувањето јавно информации за здравствената состојба на децата претставува изложување на нивната личност и повреда на приватноста.
2. Дискриминација врз основа на здравствена состојба: објавувањето на овие информации може да доведе до стигматизација и дискриминација на детето и неговото семејство.
3. Заштита на децата и нивниот психо-социјален развој од потенцијално чувство на срам, осуда и стигма.

Во интерес на заштита на децата и почитување на нивните права, бараме итно дејствување од сите надлежни институции за отстранување на содржината и преземање соодветни мерки за спречување на вакви повреди во иднина.

1. Медиумот да ја отстрани спорната содржина и да се извини за нарушување на приватноста и правата на децата.

2. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) да спроведе инспекција и мерки согласно своите надлежности.

Како организација која се грижи за добросостојбата и правата на децата, а со оглед на итноста на ситуацијата и можните негативни последици врз децата, апелираме за брза реакција и соработка од сите институции. Очекуваме најскоро преземање на сите потребни мерки за отстранување на содржината и за заштита на правата и достоинството на децата и нивните семејства.

За овој случај се известени: ЈУ МЦСР Охрид, ЈУ МЦСР Скопје, Министерство за труд и социјална политика, Завод за социјални дејности Скопје, Агенција за заштита на лични податоци, Министерство

за здравство, Државен здравствен инспекторат, Народен правобранител, Основно Јавно Обвинителство Скопје, Комисија за спречување и заштита од дискриминација.

Во прилог на оваа преписка доставуваме и Препораки за етичко известување за деца и млади.

Ви стоиме на располагање доколку имате потреба од дополнителни информации.

Со почит,

Тимот на Прва детска амбасада во светот МЕЃАШИ - Република Македонија

*Поправеден свет за секое дете*

За ваша информација мејл пораките испратени на адресата ,обиваат сите вработени во Првата детска амбасада во светот Меѓаши.

***Напомена:*** *Информациите содржани во оваа порака можат да бидат доверливи и тие се наменети за користење од страна на примателот/-ите наведени погоре. Доколку читателот на оваа порака не е лицето на кое таа му наменета, Ве информираме дека какво било ширење, дистрибуирање или умножување на оваа комуникација, или кој било дел од нејзината содржина, е строго забрането. Доколку сте ја примиле оваа порака по грешка, Ве молиме да ја препратите до испраќачот и да ја избришете оригиналната порака и сите нејзини копии од Вашиот компјутерски систем.*

***Disclaimer:*** *The information contained in this e-mail may be confidential and is intended only for the use of the recipient/-s named above. If the reader of this message is not the intended recipient, you are hereby notified that any dissemination, distribution, or copying of this communication, or any of its contents, is strictly prohibited. If you have received this message by error, please re-send it to the sender and delete the original message and any copy of it from your computer system.*

***Размислувај зелено! Испечати ја оваа порака само доколку е неопходно.Think green! Print out this message only if necessary***

--
This message has been scanned for viruses and dangerous content by **MailScanner**, and is believed to be clean.